**20080190241**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

Врз основа на член 32 став (3) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ број 136/07), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА НА ТЕНДЕРСКАТА ДОКУМЕНТАЦИЈА

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината на тендерската документација.

Член 2

Во зависност од видот на постапката и од предметот и обемот на договорот за јавна набавка или рамковната спогодба, тендерската документација особено содржи:

- назив на договорниот орган, адреса, број на телефон, број на факс, интернет адреса и електронска адреса;
- информации за видот на постапката за доделување на договор за јавна набавка или за склучување на рамковна спогодба;
- информации за лицето задолжено за комуникација со економските оператори;
- опис и ознака на деловите на предметот на договорот за јавна набавка или на рамковната спогодба;
- краен датум, време и место на поднесување и отворање на понудите; краен датум за поднесување на пријавите за учество;
- услови кои носителот на групата економски оператори и нејзините членови мора да ги исполнат пропорционално на својот удел во групната понуда;
- критериуми и минимални услови за утврдување на способност на економските оператори;
- потребни документи за докажување на исполнувањето на критериумите за утврдување на способност;
- број на избрани кандидати кои ќе бидат поканети да доставаат понуди, да учествуваат во фазата на дијалог кај постапката со конкурентен дијалог или да учествуваат во преговорите кај постапката со преговарање со претходно објавување на јавен оглас, во случај кога договорниот орган го утврдува максималниот број на кандидати кои ќе ги покани во наредната фаза од постапката;
- технички спецификации, проектни задачи или описна документација;
- рок на испорака на стоките, на извршување на услугите или завршување на работите, односно период на важност на договорот или рамковната спогодба;
- упатства во врска со изработката и поднесувањето на техничката и финансиската понуда, односно пријавата за учество;
- информација дали се дозволени алтернативни понуди, како и минималните услови и начинот на евалуација на алтернативните понуди;
- информации дали се предвидува цената да биде фиксна или променлива, како и начин на промена на цените во случај на променливи цени;
- евентуални барања за наведување на делот од договорот за јавна набавка кој ќе биде отстапен на подизведувачи;
- валута или валути на понудата и начин на пресметување на валутите;
- рок, начин и услови на плаќање;
- период на важност на понудите;
- видови на гаранции и услови на гаранциите;

- критериум за доделување на договорот за јавна набавка и максималниот број на бодови за секој елемент на критериумот одделно;
- информации во однос на електронските средства што ќе се користат;
- информации дали ќе се спроведе електронска аукција;
- информации во врска со надлежните органи од каде економските оператори може да добијат податоци за важечките прописи во областа на даноците и другите јавни давачки, работните односи, работните услови и заштитата при работа;
- потребни изјави;
- информации за правната заштита во постапката;
- други битни информации во врска со предметот на договорот за јавна набавка во согласност со стручните правила или пропишани со други прописи, и
- информации во врска со задолжителните одредби од договорот за јавна набавка.

Член 3

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престануваат да важат Правилникот за задолжителните елементи на тендерската документација („Службен весник на Република Македонија" број 10/05), Правилникот за содржината на документот за бонитет („Службен весник на Република Македонија" број 38/04) и Правиликот за начинот, условите и постапката за избор на експерти за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 10/05).

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 23-4634/1
31 јануари 2008 година
Скопје

Министер,
д-р **Трајко Славески**, с.р.